# Враќање кон ОДМОРОТ



Телевизиските станици некогаш својата програма ја одјавувале околу полноќ со звуците на националната химна. Но веќе не. Денес програми се емитуваат и во доцните часови. Ако во тоа време сте будни, ќе бидете бомбардирани со бесконечни вести, временски прогнози или рекламни убедувања да купите апарати за кои не сте ни знаеле дека ви требаат. Дури и во малите градови, големите продавници се постојано отворени. Се повеќе живееме во свет кој е активен дваесет и четири часа дневно, седум дена во седмицата.



На работното место сме презафатени. Секој гледа да ни зададе што повеќе задачи. Дури и додека патуваме можеме да извршуваме деловни разговори, можеме да праќаме пораки до роднините и пријателите, да ги следиме цените на акциите, да бидеме во тек со најновите вести, да се информираме за резултатот на вчерашниот тениски натпревар и да симнуваме од интернет податоци и музика.

За многумина од нас, осумте работни часа пре-

раснале во постојана активност додека должностите, работата и светот го загрозуваат нашиот дом. Но, порано или подоцна, ќе сфатиме дека ни е потребен одмор – не целосна неактивност, туку промена на брзината во она со што се занимаваме. Неопходно е да се свртиме од постојаната грижа за заработувачка и резултатите од работата, кон она што е вонвременско и вечно. Да се свртиме кон љубовта и семејството, кон откривање на своето место во вселената.



Сократ рекол: „Неистражен живот не е вреден за живеење“, и се повеќе сфаќаме дека тоа е точно. Ние работиме и планираме, се трудиме и стекнуваме, а за што? Сè додека си дозволуваме да бидеме хипнотизирани од роковите кои нè притискаат и нè задушуваат како некој невидлив смог, нема да се сопреме да размислиме за навистина важните прашања.

Паднавме на тоа деловните весници, како што е Списанието Вол Стрит,[1] да нè повикуваат на – ви се

1 Списанието Вол Стрит (The Wall Street Journal) е најчитаниот интернационален дневен лист кој се занимава со меѓународни деловни работи и

верува ли? – враќање на Шабатот.[2] Воведниот текст од 15 јуни 2007, „Отфрлање на Шабатот", чиј автор е Моли Циглер Хемингвеј (Mollie Ziegler Hemingway), вака вели: „Лошата страна на благосостојбата во која уживаме е во тоа што го изгубивме својот ден за одмор, претворајќи го во уште еден ден за трошење. Брзото ширење на пазарот и технологијата ни донесоа нечуени можности да го запоставиме семејството, религијата и одморот – не само во сабота, туку и во другите денови на седмицата".[3]

Саботата ни обезбедува противотров потребен за да се избориме со информациите со кои секој ден нè опсипуваат и со грижите кои навалуваат од сите страни. Саботата е засолниште, одмор,[4] здивнување од постојаните активности и купишта „вести".

Библијата ни вели дека Бог во нас всадил потреба за одмор при самото наше создавање. Бог го благословил седмиот ден и го посветил, бидејќи во тој ден се одморил од сите свои дела кои ги направил (1. Мојсеева 2,3). Со одмарањето од сите дела што ги направил, Бог ни дал пример. Во Десетте заповеди, Тој го

---

американската економија.

2 Шабат е еврејски збор што го означува седмичниот одмор, односно библиската сабота.

3 http://www.opinionjournal.com

4 Во оригиналот за зборот „одмор" стои „шабат".

прави својот пример исклучителен и задолжителен: „Шест дена ќе работиш и ќе ги вршиш сите свои работи. А седмиот ден е сабота ГОСПОДОВА, на твојот Бог. Тогаш никаква работа не ќе работиш: ни ти, ниту твојот син, ниту твојата ќерка, ни твојот слуга, ниту твојата слугинка, ниту твојот добиток, ниту странецот што е внатре во твоите порти“ (2. Мојсеева 20,9-10). Да забележиме дека ниту еден од текстовите не вели: „шест дена, од седум, работи, а во еден одмори се“, туку многу јасно се вели дека седмиот ден, саботата, а не кој било ден - е посебен Ден кој Бог го одредил.

Сабота? Можеби сте мислете дека саботата е дадена на Синај само за Евреите. Ако тоа е точно, тогаш и останатите заповеди, како „Не убивај“ и „Не кради“, се исто така наменети само за Евреите. Или, ако можеби сте слушнале дека со Христовата смрт на крстот престанала важноста на саботата, тоа повторно би значело дека од тогаш сме слободни да убиваме и да крадеме – меѓутоа, во тоа никој не верува. Можеби сте сметале дека неделата се почитува во знак на сеќавање на воскресението на Господа Исуса. Тоа е, секако, важен настан за сеќавање. Но, Библијата никаде не нè повикува да се сеќаваме на Неговото воскресение, туку ни налага да се сеќаваме на неговата смрт (1. Коринќаните 11,26).

Кажано ни е „да не ја заборавамe“ Неговата смрт,

што е силна споредба со повикот на Десетте заповеди да не ја заборавваме „саботата“. И ќе видиме дека саботата е единствениот цел ден кој Исус го поминал во гробот. Христовата смрт не само што не ја укинува саботата туку повторно ја потврдува нејзината важност. Како што Господ од делото на создавањето се одморил седмиот ден во првата седмица, така и Исус се одморил од своето дело на откупување во седмиот ден од седмицата на откупување (најчесто позната како седмица на страдањето).



Секако, за повеќето од нас, самата идеја за „заповедање“ и „послушност“ не е привлечна. А во овој конкретен случај, на мнозина им делува дури и бесмислено. Замислете докторот да ви каже да земете годишен одмор, а потоа да ви открие дека осмислил посебен годишен одмор кој ќе одговори на вашите најдлабоки потреби. Саботата е токму тоа. Исус рекол: „Саботата е создадена за човекот, а не човекот за саботата“. Тоа значи дека заповедта за саботата не е некоја неоснована, произволна изјава која треба

да ја прескокнеме; таа ни обезбедува одмор, скроен според нашите потреби. Но зошто не недела или среда? Зошто сабота? Да се потсетиме дека извештајот за создавањето од 1. Мојсеева вели дека „Бог го посвети седмиот ден и го благослови“.

Што значи нешто да биде посветено или свето? Кога Мојсеј стоел пред грмушката која гори, Бог му рекол дека стои на света земја. Што ја правело света земјата? Божјото присуство! Бог ја прави света саботата со тоа што тогаш е присутен на посебен начин.



„Чекај малку“, ќе кажете, „зар не е присутен Бог секој ден?“ И, се разбира, во право сте. Но точно е и тоа дека Бог е насекаде присутен, сепак Мојсеј не морал насекаде да оди бос, туку да се собуе само пред грмушката која гори. Зошто? Затоа што во грмушката која гори Бог бил присутен на посебен начин, поинаку од присутноста на кое било друго место, а тоа е случај и со седмиот ден, саботата. Сите оние кои ја одвојуваат саботата за да се одморат од своите секојдневни обврски и да го поминат тоа време со своето семејство и со Бога, можат да ви посведочат дека Божјото присуство може да се искуси на посебен начин - токму во тој ден.




Порачајте на: (**071) 569 076,** (02) **20 30 777** или на:

*www.***znacinavremeto***.mk*